Pestalozzi Children's Foundation

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 21-4/5
28-11-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

До: **Комисија за организации со статус од јавен интерес**
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија Одделение за соработка со невладини организации
бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје

Азбија Мемедова
a.memedova@pestalozzi.ch

Скопје, 23.11.2023

Почитувани,

Ви благодариме за дописот добиен на 15.11.2023 (емаил) во кој барате дополненија на Деловниот и финансиски извештај на нашата подружница за 2022 година. Во продолжение следат бараните податоци и објаснувања:

1. Во делот 1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес, се бараат податоци за веб страницата на која ќе бидат објавени деловните и финансиски извештаи на македонски јазик.

Како што е наведено во нашето барање за добивање статус на организација од јавен интерес поднесено во 2021, во делот 4.5. наведовме дека сите наши годишни извештаи се објавуваат на veb страната на нашето седиште, во форма на генерален годишен извештај на целата Фондација која има свои канцеларии во 12 земји низ светот. Како подружница на странска фондација, нашите годишни извештаи се подготвуваат и објавуваат на германски и англиски јазик. Ние не сме во можност да ги објавуваме нашите извештаи на македонски јазик.

На 27.09.2023, по барање Г-дин Дарко Настевски (Darko.Nastevski@gs.gov.mk) од Генерален Секретаријат, препративме линк до веб страница за која е достапен деловниот и финансики извештај на Детската Фондација Песталоззи, со седиште во Троген, Швајцарија: https://www.pestalozzi.ch/en/media-corner/publications. Добивме одговор дека пораката е примена, без дополнителни информации или барања.

Годишниот извештај на Фондацијата со генерални резултати од сите интервенции во светот, е достапен на Publications | Kinderdorf Pestalozzi

| 2022 - 2023 |
|---|
| Magazine 04 \| 2023 \| November (German) ⤓ |
| Magazine 03 \| 2023 \| September (German) ⤓ |
| Magazine 02 \| 2023 \| May with annual report and folding poster 20: |
| Annual accounts 2022 ⤓ |
| Magazine 01 \| 2023 \| March (German) ⤓ |

2. Во делот 3. Резиме на програмата, Име на проектот, се бара да се наведе конкретно име/назив на проектот кој е реализиран во 2022 и во делот заклучоци и идни планови во врска со проектот да се наведат подетално заклучоци и планови за во иднина.

Бараните дополненија (во сиво) се внесени во образецот за извештај кој Ви го доставуваме повторно, заедно со овој допис.

3. Во делот 4.Транспарентност и отчетност, се бараат следните информации:

- **Вредност на имотот на последниот ден за периодот на известување или годишниот приход остварен во периодот на известување:** Основни средства на 31.12.2022 се во износ од 45.072МКД. Вкупен годишен приход за 2022 е во износ од 7.789.660МКД.

- **Извршени статусни промени:** Нема статусни промени на Подружницата. Во Централниот регистар на вистински сопственици е направена промена за ажурирање на податоците согласно промените во менаџмент бордот на основачот Pestalozzi Children Foundation Trogen Switzerland. Во прилог на ова писмо ви ја доставуваме Тековната состојба на вистински сопственици од 21.06.2023.

- **Постоење на судир на интереси**: сите вработени во ПЦФ имаат обврска да се однесуваат согласно политиката на Фондацијата за заштита и пријавување на било каков конфликт на интерес. Во текот на 2022 година не се констатирани судири на интерес.

- **Постапка за престанок и за забрана на работата на подружницата согласно закон:** Нема постапка за престанок и забрана за работа.

- **Поведување постапка за стечај или ликвидација**: нема ваква постапка

- **Постоење на блокирана Трансакциска сметка**: нема ваква ситуација.

- **Потврда дека Деловниот и Финасискиот извештај се објавени на македонски јазик**: опишано погоре, подружницата на ПЦФ не објавува свои извештаи, деловните и финанските извештаи на нашата централа не се објавуваат на македонски јазик.

- **Ревизија**: извршената ревизија за 2022 е извршена во согласност со меѓународните сметководствени стандарди (ревизијата на подружницата е направена од страна на A&BA Group. Во прилог ви го доставуваме скенираниот извештај.

- **Ревизорскиот извештај да биде доставен до Комисијата за организации со статус од јавен интерес во оригинал**: Оригинал ревизорски извештај Ви е доставен во архива на 27.04.2023.

- **Усогласување на податоците за буџетот на подружницата** (**7**.290.401МКД v.s.11.525.415МКД):
  Годишните приходи за 2022 се во износ од 7.789.660МКД како што е прикажано во финансискиот извештај во колоната за Тековна година. Подружницата е должна да одржува резерви на готовина во износ од 613.500МКД дополнително на буџетот за тековната година.
  Износот од 11.525.415МКД е приходот од 2021 година и е прикажан во колоната Предходна година.

Наведените промени се внесеси и во образецот за извештај под точка 4.

Стоиме на располагање доколку има потреба од дополнителни појаснувања.

Со почит,

**Pestalozzi Children's Foundation**
***Детска Фондација Песталоззи,***
***Подружница во Скопје***

Азбија Мемедова,
*Национална Претставничка,*
*Р. Северна Македонија*